С О Г Л А С Е Н

Градоначалник на Општина Крушево

**РЕПУБЛИКА С.МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА КРУШЕВО**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА КРУШЕВО**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

# ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА ПЕРИОД ОД

# 2024 до 2026 година

**декември 2023 година**

**Крушево**

## СОДРЖИНА

**I. ВОВЕД**

1.1. Преглед

1.2. Организациска структура и обем на работа на внатрешната ревизија

**II. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА**

2.1. Цели и приоритети на институцијата и институциите во надлежност

2.2. Очекувани промени во институцијата и институциите во надлежност

2.3. Состојба на системот за финансиско управување и контрола

**III. ЦЕЛИ ЗА ЕДИНИЦИ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

**IV. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБЛАСТИ НА РЕВИЗИЈА**

**V. ОЦЕНКА НА РИЗИК**

5.1. Пристап до проценка на ризик

5.2. Фактори на ризик

5.3. Резултати од проценката на ризик за целите на стратешко планирање

**VI. ПРИОРИТЕТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ ВО ПЕРИОДОТ**

6.1. Врската на приоритетни области за ревизија со спроведената анализа

6.2. Листа на приоритетни области за ревидирање со распоред за ревидирање

**VII. КАДРОВСКИ ПОТРЕБИ НА ЕДНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

**VIII. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН И ВРСКАТА СО ГОДИШНИОТ ПЛАН**

**IX. ЗАКЛУЧОК**

## I. ВОВЕД

### 1.1. Преглед

Овој Стратешки план ги содржи најважните цели, приоритети и активности на внатрешната ревизија на општина Крушево за периодот 2024-2026 година.

Целите и активностите на внатрешната ревизија се во согласност со целите и приоритетите на општина Крушево и институциите во надлежност за кои се врши внатрешна ревизија, а кои се вклучени во Стратегијата за локален економски развој, развојни програми на општина Крушево 2024-2026, годишни програми за образование, програма за урбанистичко планирање, програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на општина Крушево, програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Крушево, програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Крушево, програма за организирање и функционирање на зимско одржување на улици и патишта на подрачјето на општина Крушево, програма за изградба реконструкција и рехабилитација на улици и општински патишта на подрачјето на општина Крушево, годишни програми за култура, план за развој на основни и средни училишта, планови и програми за работа на основните и средните училишта, дом на култура, детска градинка и јавно претпријатие, програма за одржување јавна чистота.

Стратешкиот план се базира на проценка на ризикот и е во согласност со Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/2010), Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр 113/2014), како и Насоките за подготовка на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија објавени на веб страницата на Министерството за финансии.

Стратешкиот план се однесува за период 2024-2026 година и претставува ажурирана верзија на претходниот Стратешки план за периодот 2023-2025 година. Потребата од негово ажурирање на годишно ниво произлегува од фактот што проценката на ризици за поодделни системи, процеси или организациони единици е променета како според веројатноста за нивно настанување така и според нивното ниво на влијание.

### 1.2. Организациска структура и опфат на работа на внатрешната ревизија

Внатрешната ревизија е независна активност на давање објективно уверување и совет, воспоставена со цел да придонесе за зголемување на вредноста и подобрување на работењето на субјектот. Таа помага субјектот да ги исполни своите цели, применувајќи систематски, дисциплиниран пристап за процена и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето.

ЕВР-Одделение за внатрешна ревизија, основана во општина Крушево врши функција на внатрешна ревизија во општина Крушево и институциите во надлежност согласно листата која е содржана во прилог на Стратешкиот план.

Единицата за внатрешна ревизија на општина Крушево, согласно Правилникот за систематизација на работни места бр.01-284/2 од 09.08.2016 година е воспоставена

како Одделение за внатрешна ревизија. Во рамките на одделението се систематизирани две работни места, од кои согласно моменталната состојба, е пополнето само работно места, соработник-внатрешен ревизор во обука. Во одделението за внатрешна ревизија не е пополнето работното место раководител.

ЕВР спроведува внатрешна ревизија во субјектот од јавниот сектор, единките корисници, сите структури, програми, активности и процеси, вклучувајќи ги и оние на корисниците на средства од ЕУ фондовите, како и кај правните со кои субјектот кај кој се врши внатрешна ревизија има деловни односи и кои користат јавни средства.

## II. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА

Стратешкиот план за периодот 2024–2026 година е изготвен врз основана спроведен преглед на целите и приоритетите на институцијата и институциите во надлежност, како и состојбата на развиеноста на системот за финансиско управување и контрола. Прегледот се заснова на информациите собрани преку детална анализа на стратешките документи на општината и нивните акциски планови со детално утврдени рокови, анализа на нацрт програмите програми по пооделни области, анализа на донесеното решение за внатрешна распределба на буџетот, анализа на донесениот буџет и сите негови измени и дополнувања, внатрешна прераспределба по програми, одржани состаноци со највисокото раководство за утврдување на приоритети, како и испратените пополнети прашалници до Државниот завод на ревизија и извештаи за функционирањето на системот за финансиско управување и контрола.

### 2.1. Цели и приоритети на институцијата и институциите во надлежност

Општина Крушево како единица за локална самоуправа преку донесените стратешки документи и поединечните програми за 2024 година си поставува низа цели кои по својата временска рамка и корисноста од нивна реализација можат да бидат стратешки или оперативни цели.

Стратешки цели на општина Крушево, вклучувајќи ги сите нејзини единки буџетски корисници се :

1. Изготвување и донесување на реален буџет на општина Крушево, со кој редовно и навремено ќе се сервисираат сите превземени обврски согласно годишните програми на општина Крушево.
2. Заштеда на потрошувачката на електрична енергија потенцирајќи ја важноста на енергетската ефикасност во општината и сите нејзини воспитно – образовни објекти, културни установи и објекти за предшколска возраст.
3. Локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции.
4. Промоција на општина Крушево како развиен туристички центар во Република Македонија и надвор од неа.

5. Изнаоѓање на практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми и активности во областа заштита на животната средина во насока на одржлив развој на локалната заедница.
6. Обезбедување активен однос на Советот на општина Крушево кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните.
7. Создавање услови за реализирање на активности на младите чија целна група се младите од општина Крушево.
8. Намалување на трошоците во работењето преку подобрување на квалитетот на информатичките услуги.
9. Подобрување на условите за живот во руралните средини, нивно поврзување со централното градско подрачје, превземање на мерки за комплетна обнова или поставување на нова водоводна и фекална канализација и алфалтирање на улици во рурални средини и населени места.

### 2.2. Очекувани промени во институцијата и институциите во надлежност

Општина Крушево во периодот што следи согласно донесени стратешки документи и годишни програми за наредната буџетска година 2024 година планира донесување на низа нови стратешки документи кои во одредени области ќе дадат широка рамка за работењето во конкретната област и изработка на проектна документација за изградба на капитални и инвестициони објекти на општина Крушево.

Според програмата за урбано планирање и програмата за поставување на урбана опрема на општина Крушево во 2024 година се планира уредување на градежното земјиште и простор во руралните подрачја, изградба на нови улици и патишта, одржување и поставување на нова урбана опрема, изградба на системи за водоснабдување и канализациони системи, одржување и проширување на мрежата за јавно осветлување, јавна чистота, одржување и заштита на локални патишта и други комунални услуги.

Во 2024 година општина Крушево ќе посвети внимание во развој на капацитетите за привлекување на нови инвестиции како и подготовка на стратешки документи за развојот на локалниот економски развој на општина Крушево.

Според програмата за уредување на градежно земјиште и програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во општина Крушево планирано е создавање на единствена реална функционална целина преку која ќе се овозможи отворање на нови локации за изградба. Планирањето се овозможува преку измена и дополнување на ГУП и изработка на нов ГУП, измена и дополнување на ДУП-ови, како и изработка на нови ДУП-ови.

Во 2024 година во областа на локалниот економски развој одделението за локален економски развој согласно надлежностите ќе продолжи со директна реализација на веќе започнатите проекти и со аплицирање на нови. Притоа ќе се финализираат започнатите проекти и ќе се работи подготовка на нови за аплицирање. Општината ќе биде преставувана на домашни и меѓународни саеми за туризам, планирана е и подготовка на нов промотивен материјал за привлекување на нови

туристи и посетители во Крушево. Поддршка и соработка ќе има и со Центарот за развој на Пелагониски плански регион и учество во регионалниот развој преку подготовка на стратегии и програми за развој ќе се врши имплементација на мерки од областа на енергетската ефикасност согласно програмата за енергетска ефикасност.

Програмата на општина Кршево за одржување јавна чистота во 2024 година е насочена кон спроведување на активности за заштита на животната средина во надлежност на локалната самоуправа, исполнување на барањата од законодавство за животна средина, обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината. Со програмата се опфатени активности за контрола, анализа, следење и информирање за квалитетот на животната средина, изработка на стратешки документи за животна средина, интервенција во системот за управување со отпад и подигнување на нови зелени површини.

Активностите на општина Крушево во областа на образованието во 2024 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите програмата и тоа обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината, привлекување на повеќе ново запишани ученици во средно општинско училиште, вклучување на општината во проекти, странски и домашни донации.

Целите на програмата за култура во 2024 година ќе бидат реализирани преку активности за одржување на традиционални културно-уметнички манифестации, реализирање на манифестации, програми и проекти кои даваат посебно обележје на општина Крушево, унапредување на меѓународната културната комуникација со збратимените градови на општина Крушево, учество на локалните културни установи во реализирање на програмата.

Активностите на општина Крушево во областа на социјалната заштита во 2024 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа програма и тоа помош на социјално загрозени семејства, помош на социјални групи, создавање услови за згрижување на семејно запуштени деца и различни форми за згрижување на сиромашни семејства, помош за семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди, родовата рамноправност, грижа за старите лица.

Општина Крушево ќе се посвети и во областа на спортот во 2024 година и тоа преку учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот, промовирање на општина Крушево како развиен спортски центар, поддршка на сите спортски клубови кои се формирани и функционираат во општината Крушево. општина Крушево ќе се посвети и даде поддршка на младите во 2024 година. Основна цел и активностите се поддршка во реализација на локалната младинска стратегијата на општина Крушево, поддршка на работата на Советот на млади на општина Крушево, учество на општината во организирањето и збогатувањето на живот на младите во градот, создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

За реализација и остварување на основните цели во програмата на општина Крушево за заштита и спасување, противпожарна заштита и управување со кризи ќе се спроведат активности за создавање на услови за реализирање на програмските определби за противпожарната заштита и спасувањето, заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди. општина Крушево во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди услови потребни за квалитетна и технички стручно подготвена единица за противпожарна заштита.

### 2.3. Состојба на системот на финансиско управување и контрола

Од страна на Државниот завод за ревизија во текот на 2014 година извршена е ревизија на успешност, односно, ревизија на ефикасноста и ефективноста на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај општина Крушево со цел да се даде оценка за ефикасноста и ефективноста на финансиското управување и контрола, во делот на вршење на работите на ефикасен и ефективен начин, усогласување на работата со законите и актите, заштита на имотот, користење на буџетските средства, јакнење на одговорноста при извршување на задачите и внатрешната ревизија. Притоа, во рамките на Конечниот извештај издаден од ДЗР, констатирани беа следните состојби:

- Донесените стратешки и програмски документи и нивното континуирано ажурирање, се добра основа за правилно и успешно работење на општината.
- Во општина Крушево е формирано одделение за финансиски прашања и внатрешна ревизија и се преземени потребните политики за управување со човечки ресурси, но отсуството и необезбеден стандарт за управување со квалитет ISO 9001:2008 упатуваат на потреба од преземање на дополнителни активности за намалување на ризиците и обезбедување на контролно опкружување кое ќе овозможи воспоставување и непречено функционирање на системот на финансиско упрвување и контрола и остварувањето на посебните и општите цели на општината.
- Иако во општината се преземени потребните активности за донесување на стратешки планови и годишни програми, отсуството на утврдување ризични области, проценка на ризикот и негово намалување до едно прифатливо ниво имаат влијание во воспоставување на целосен, ефикасен и ефективен систем на контрола.
- Недостиг на стратешки и акционен план за развој на ИТ системот, проценка на ризиците од хаварија за обезбедување на континуитет на најнеопходните системи и зачувување на податоците за финансиско работење на надворешна локација упатуваат на потреба од преземање на дополнотелни активности за градење и воспоставување на адекватен контролен ИТ систем со цел справување со ризиците и постигнување на целите на општината.
- Со воспоставениот начин на информации и комуникации на сите нивоа, се обезбедени веродостојни, навремени и релативни информации кои имаат важна улога во донесувањето на соодветни одлуки на раководството на општината.

- Поради некомплетно воспоставен контролен систем постои потреба од преземање на дополнителни активности за негово целосно воспоставување и функционирање.
- Иако во одделението за внатрешна ревизија е вработено лице внатрешен ревизор во обука со воспоставената организациона и функционална независност е обезбедена добра соработка со градоначалникот и непречено извршување на ревизииите, но постои потреба од преземање на дополнителни активности за подобрување и мониторинг на спроведување на препораките.

Во рамките на овие состојби ДЗР ги предложи и следните препораки и тоа:

- Одговорните лица во општината да преземат активности за изготвување на план за воспоставување на финансиско управување и контрола со методологија за негово спроведување.
- Одговорните лица во општината да преземат активности за креирање на ISO процедури за управување со квалитет кои ќе се однесуваат на клучните процеси во општината, да се изврши нивна сертификација кај тело акредитирано од институтот за акредитација на Република С.Макдонија.
- Одговорните лица во општината да преземат активности со кои ќе се утврдат политики за управување со ризици и ќе се определи улогата и одговорноста на сите вработени во општината во утврдувањето и управувањето со ризиците во работењето.
- Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за воспоставување на соодветен контролен систем преку почитување на процедурите за важните активности на општината кои се одобрени во текот на ревизијата.
- Градоначалникот да преземе активности за измени и дополнувања на правилникот за систематизација на работните места во насока на дефинирање на работното место кое ќе обезбеди целосно функционирање на ИТ системот и да се назначи лице кое ќе ја врши оваа функција.
- Одговорните лица во општината да преземат активности за изготвување на стратешки план за развој на ИТ системот и акционен план за имплементација на ИТ, да се извршат проценка на ризиците од хаварија, обезбедување на континуитет на најнеопходните системи, да се обезбедат копија на податоците од финансиското работење на надворешна локација со што ќе се минимизира ризикот од губење на податоците од финансиско сметководствената евиденција на општината во случај на природна катастрофа, заклучување на податоците во електронкса форма од минати години без можност за измени и дополнувања.
- Градоначалникот да преземе мерки во насока на изготвување на годишни, полугодишни или квартални извештаи преку кои ќе се следи степенот на реализација на годишните програми.
- Градоначалникот да преземе активности за доставување на редовни извештаи до единицата во управата за финансиска полиција за постоење или

непостоење неправилности и сомнежи за измами или корупција при користење на јавните средства согласно законските одредби.

- Одговорното лице во одделението за финансиски прашања да изврши самопроцена на одделни процеси на системот за финансиско управување и контрола да изготват извештаи за извршената самопроцена и да го информираат градоначалникот за резултатите од извршената процена.

Во текот на 2015 година од страна на Одделението за внатрешна ревизија извршена е внатрешна ревизија на ефикасноста и ефективноста на системот за финансиско управување и контрола во општина Крушево при што во најголем дел беа констатирани веќе воочените слабости со направената ревизија од страна на ДЗР, а евидентирани беа и повеќе активности во насока на надминување на слабостите.

По однос на препораките од страна на ДЗР и внатрешната ревизија, преземени се активности изготвен е план за воспоставуање на финансиско управуање и контрола и методолигија за негово спроведување, изготвена е стратегија за управување со ризици и регистар на ризици, изготвени се соодветни документи за почитување на процедурите за важните активности на општината одобрени во текот на ревизијата, спроведено е воспоставуање ex-ante контрола и ex-post контрола, обезбеден е систем на двоен потпис, изготвен е правилник за систематизација за работни места во општина Крушево во кој предвидено е лице во ИТ секторот, изработена е процедура за одобрување на правилник за систематизација во кој предвидено е лице во ИТ секторот кое ќе изготвува стратешки план за равој, набавени се хард дискови на кои направена е копија на податоците на финансискот работење на надворешна меморија со што се минимизира ризикот со губење на податоците податоците се заклучени во електронска форма, извршена е самопроценка на одделни процеси за финансиско управуање и контрола и изготвени извештаи, изготвена е процедура за спроведување на јавни набавки, комисијата за спроведување попис спроведува попис на начин предвиден со законските прописи, изготвена е повелба за внатрешна ревизија, за секоја поединечна ревизија се изготвува план и програма за ревизија, за секоја извршена ревизија се изготвува нацрт ревизорски извештај, претходен ревизорски извештај  и конечен ревизорски извештај, за секоја извршена ревизија се изготвува трајно и тековно досие, се изготвуваат акциски планови за постапување по препораките и истите се дел од конечниот ревизорски извештај.

## III. ЦЕЛИ НА ЕДИНИЦИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Земајќи ги предвид целите и приоритетите на Општина Крушево и институциите во надлежност, степенот на развиеност на финансиското управување и контрола, одделението за внатрешната ревизија во наредниот тригодишен период планира да го реализира следното:

- обезбедување на објективна и реална оценка на тековните состојби за ефикасноста и ефективноста на системот за финансиско управување и контрола во Општина Крушево.

- проценка на усогласеноста на работењето на субјектот во согласност со законите, подзаконските и интерните акти.

- темелна проценка на функционирањето на системот за внатрешна контрола.
- оценување на факторите на ризик и давање совети на раководителите на субјектот за намалување на факторите на ризик.
- извршување на поединечни ревизии согласно усвоените ревизорски планови и следење на нивното спроведување.
- на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно, разумно, објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола.
- подобрување на системите за извршување на материјално-финансиското работење и системите за внатрешна контрола.
- зајакнување на системот за управување и контрола за потребите во работењето, остварување на заштеди за одредени категории на расходи.
- На раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди разумна увереност дека јавните набавки се извршени во согласност со донесениот план за јавни набавки и финансовите планови и постапките се спроведени во согласност со законските регулативи.
- На раководителот на субјектот да му се овозможи разумно уверување дека состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководствената евиденција е идентична со фактичката сосотојба која е утврдена со годишниот попис.
- Зајакнување на системот на контроли во областа на наплата на приходите по разни основи.
- Подобрување на работењето на субјектите преку имплементирање на дадените препораки во ревизорските извештаи.

Работата на внатрешната ревизија резултира со препораки за подобрување на системот на внатрешни контроли. Притоа, со активна примена на овие контроли од страна на раководството се остваруваат и мерливи ефекти од нивното спроведување.

## IV. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБЛАСТИ НА РЕВИДИРАЊЕ

При утврдувањето на потенцијалните области на ревидирање примарно се користи пристап спрема организациската структура, односно потенцијалните подрачја се одредени согласно активностите на Општина Крушево и активностите на институциите кои се во нејзина надлежност.

Одделението за внатрешна ревизија при утврдувањето на потенцијалните области на ревидирање го зема во предвид и следното:

- утврдени се хоризонтални процеси во општина Крушево и институциите кое се во нејзина надлежност.
- утврдени се приоритетите во работењето на општината и нејзините институции имајќи ги во предвид најзначајните програми и останати расположливи информации.
- специфичности во рамките на општината поврзани со потребата за ревидирање на некои внатрешни подрачја.
- утврдени се капитални проекти кои се планираат да се реализираат во периодот на кој се однесува стратешкиот план.

Потенцијални области на ревидирање утврдени од одделението за внатрешна ревизија се следниве:

- процес на донесување на буџет
- процес на ажурирање данок на имот
- процес на контрола на финансиски документи
- процес на сметководствено евидентирање
- процес на плаќање
- процес на следење на реализација на договори
- процес на пресметка на плата
- процес на благајничко работење
- процес на собирање, наплата на приходи
- процес на спровдување постапки за јавни набавки
- процес на одржување на софтвер
- процес на легализација на бесправно изградени објекти
- процес на издавање одобренија за градба
- процес на материјално финансиско работење во општината, училишта, градинка, јавно претпријатие, дом на култура.

***Табела: утврдување на значењето на областа во работењето на општина Крушево и институциите под нејзина надлежност.***

| **р. бр.** | **Потенцијална област за ревидирање** | **Важноста на областа за постигнување на целите (пондер 5)** | | **Финансиска значајност (пондер 4)** | | **Ефектот на надворешните интересни групи (пондер 4)** | | **Ефектот на внатрешните системи (пондер 2)** | | **Сложеност на областа (пондер 1)** | | **Ранливост на областа (пондер 3)** | | **Вкупна оцена на значајноста** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бод (1-3) | | Бод (1-3) | | Бод (1-3) | | Бод (1-3) | | Бод (1-3) | | Бод (1-3) | | |
| | | A | 5*a | b | 4*b | c | 4*c | D | 2*d | e | 1*e | F | 3*f | |
| 1. | Одделение за правни општи работи и јавни дејности | 2 | 10 | 1 | 4 | 3 | 12 | 2 | 4 | 3 | 3 | 3 | 9 | **42** |
| 2. | Одделение за јавни набавки | 3 | 15 | 3 | 12 | 3 | 12 | 3 | 6 | 3 | 3 | 3 | 9 | **57** |
| 3. | Одделение за урбанизам комунални работи и заштита на животна средина | 3 | 15 | 2 | 8 | 3 | 12 | 2 | 4 | 3 | 3 | 3 | 9 | **51** |
| 4. | Одделение за локален економски развој и прекугранична соработка | 2 | 10 | 2 | 8 | 2 | 8 | 2 | 4 | 2 | 2 | 1 | 3 | **35** |
| 5. | Одделение за финансиски прашања | 3 | 15 | 3 | 12 | 3 | 12 | 3 | 6 | 3 | 3 | 3 | 9 | **57** |
| 6. | Одделение за управување со човечки ресурси | 1 | 5 | 1 | 4 | 1 | 4 | 3 | 6 | 1 | 1 | 2 | 6 | **26** |
| 7. | Одделение за внатршна ревизија | 3 | 15 | 1 | 4 | 2 | 8 | 3 | 6 | 2 | 2 | 2 | 6 | **41** |
| 8. | Одделение за администрирање на приходи | 3 | 15 | 3 | 12 | 3 | 12 | 3 | 6 | 3 | 3 | 3 | 9 | **57** |
| 9. | Територијална противпожарна | 2 | 10 | 2 | 8 | 3 | 12 | 1 | 2 | 2 | 2 | 3 | 9 | **43** |
| ***Институции каде локалната самоуправа се јавува како основач*** | | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | СОУ„Наум Наумовски-Борче“ Крушево | 2 | 10 | 2 | 8 | 3 | 12 | 2 | 4 | 2 | 2 | 2 | 6 | **42** |
| 13. | ООУ „Никола Карев“ Крушево | 2 | 10 | 2 | 8 | 3 | 12 | 2 | 4 | 2 | 2 | 2 | 6 | **42** |
| 14. | ООУ „Св.Кирил и Методиј“ | 2 | 10 | 2 | 8 | 3 | 12 | 2 | 4 | 2 | 2 | 2 | 6 | **42** |
| 15. | ЈОУДГ „Гонча Туфа“ | 2 | 10 | 2 | 8 | 3 | 12 | 2 | 4 | 2 | 2 | 2 | 6 | **42** |
| 16. | Дом на култура „Наум Наумоски-Борче„ | 2 | 10 | 2 | 8 | 3 | 12 | 2 | 4 | 2 | 2 | 2 | 6 | **42** |
| 17. | ЈП „Комуна“ | 2 | 10 | 2 | 8 | 3 | 12 | 2 | 4 | 2 | 2 | 3 | 9 | **45** |
| Ниска значајност | | | | | | | | | | | | **> 19 < 30** | | |
| Средна значајност | | | | | | | | | | | | **> 31 < 40** | | |
| Висока значајност | | | | | | | | | | | | **≥ 41 - 50** | | |
| Многу висока значајност | | | | | | | | | | | | **≥ 51** | | |

## V. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

### 5.1. Пристап во утврдувањето на ризикот

Ризиците се утврдуваат врз основа на потенцијалните подрачја за ревидирање. Ризикот претставува веројатност одредена активност или настан директно да се рефлектира врз средствата на буџетскиот корисник, врз успешноста во работењето, врз извршувањето на мандатот што го има буџетскиот корисник. Во своето секојдневно работење органите на управување треба постојано да го имаат предвид фактот дека, ризиците кои денес се само можни, утре би можеле да се претворат во реалност. Нивното игнорирање би можело да води кон сериозни нарушувања на успешноста, сигурноста и стабилноста на општината во иднина. Без секојдневното соочување со заканите од разните можни ризици нема да се има визија за можните негативни појави во работењето, ниту за контрола на неизвесноста во реализирањето на законски овластувања и надлежности.

За утврдување на ризиците користени се разни извори на информации извештаи на Државниот завод за ревизија од претходни периоди, извештаи на внатрешната ревизија, ревизорски универзум, годишни извештаи на општина Крушево, финансиски извештаи, извештаи на институциите во надлежност на општината за изминатиот период, донесените програми за работа на општина Крушево во текот на 2024 година.

### 5.2. Фактори на ризик

Анализата на разните видови ризици ги определува причините поради кои тие можат да се појават во секојдневното работење на ЕЛС. Бидејќи ризиците, главно, можат да се определат како надворешни и внатрешни, причините за нивно појавување можат, исто така, да се групираат како надворешни и внатрешни.

Факторите на ризик можат да вклучуваат настани, околности, трендови кои се случуваат во работењето, а кои влијаат на можност за активирање на ризикот, односно ја зголемуваат веројатноста од настанување на ризичен настан со значајно влијание. За потребите на оценката на влијанието и веројатноста земени се во предвид следните фактори на ризик:

- Ризици поврзани со надворешното окружување (надвор од буџетскиот корисник).
    - Ризици на макро околина (геополитички, економски).
    - Политички одлуки и приоритети надвор од буџетскиот корисник.
    - Надворешни партнери (граѓани, други буџетски корисници, консултанти, медиуми и слично).

Надворешните причини кои го условуваат појавувањето на ризици во работењето на ЕЛС можат да се појават во следните облици:

**1) Политички причини**, кои се условени од постојните политички состојби во земјата и во ЕЛС. Тие можат да се лоцираат во намерното заобиколување на ЕЛС од централната власт при доделувањето капитални дотации или дотации со делегирана надлежност или, пак, во определувањето помал дел од средствата за воедначување на фискалниот капацитет на ЕЛС во РМ. Понатаму недонесувањето или донесувањето на нецелосни или нејасни решенија на ниво на централната влада би можело да се појави како пречка во реализацијата на одредени активности на ниво на ЕЛС, појавни облици на некои ризици можат да се согледаат во вкупната политичка состојба во земјата како и во релациите меѓу членови на Советот на ЕЛС кои припаѓаат на различни политички партии.

**2) Економски причини,** кои се согледуваат во нереализирањето на утврдената макроекономска политика на земјата за соодветниот временски период, повисоката од планираната стапка на инфлација, помалите од планираните даночни приходи на централно ниво, помалиот прилив на средства врз основа на разните дотации од централната на локалната власт, недонесување мерки од макроекономски и од фискален карактер кои се во спротивност на интересите на ЛЕР на ЕЛС и др.

**3) Правни причини**, кои најчесто се манифестираат во нецелосноста, непрецизноста или ненавременоста во донесувањето на одделни закони кои се од суштинско значење за работата.

**4) Еколошки причини**, кои можат да се јават во облици на загрозување на животната средина на општината независно од нејзините програмски цели и интереси, а кои се условени од некои национални интереси. Таков би бил случајот со евентуална изградба на нафтовод, гасовод, депонии за животно опасен или заразен отпад итн., кои, врз основа на претходна проценка, би се граделе од централната власт, независно од интересите на општината и на нејзините граѓани.

**5) Етнички причини**, кои можат да се манифестираат во нарушување на етничката структура на граѓаните во општината, а со тоа и на интересите на одделните етнички групи од аспект на потребата за задоволување на нивните специфични желби и потреби, кои што ЕЛС тешко би можела да ги задоволи во целост, а притоа да не предизвика непријатни реакции од одделните етнички групи на население кои живеат на нејзиното подрачје.

**6) Сигурносни и заштитни причини,** кои произлегуваат од нестабилноста на системските закони, несигурноста на политичките и економските состојби во земјата, отсуството или недоволноста на заштитни механизми од дејството на одредени причини на национално или наднационално ниво што ја ограничува сигурноста на ЕЛС за реализација на програмираните активности.

- Ризици кои се однесуваат на планирањето, процесите и системите.
  - Стратегија, планирање и политики, вклучувајќи ги и интерните политички одлуки.
  - Оперативни процеси.
  - Финансиски процеси и доделување на средства.
  - ИТ и други системи за поддршка.

- Ризици кои се однесуваат на вработените и организацијата.
  - Вработени, компетентност на вработените.
  - Етика и организациско однесување на вработените.
  - Внатрешна организација.
  - Сигурност на вработените, објектите и опремата.

- Ризици од аспект на законитоста и исправноста.
  - Практичност, јасност и единственост на постоечките закони, прописи и правила.
  - Останати можни исходи кои се однесуваат на законитост и исправност.

- Ризици кои се однесуваат на комуникациите и информациите.
  - Методи и канали на комуникацијата.
  - Квалитет и навременост на информацијата.

**Б) Внатрешни причини**

Далеку побројни, почести и поинтензивно присутни се внатрешните причини (кои се концентрирани во општината), коишто предизвикуваат појава на ризици во работењето на ЕЛС. Нив ги има, исто така, во разни појавни облици, а најчесто можат да се манифестираат како:

- **Организациски** (можна неадекватна организациска шема, која не одговара за реализација на програмираните активности на општината).
- **Кадровски** (можна состојба на недоволен, неквалитетен, нестручен или неадекватно избран административен кадар).
- **Раководни** (можен избор на раководители со слаби управувачки спсобности).

- **Процедури на одлучување и на решавање** (можно отсуство на одлуки за постапување што требало да ги донесе Советот на општината, отсуство на пишани процедури, правила и упатства за реализирање на законите и на одлуките, донесување решенија без покритие во законите и во одлуките или кои се во спротивност на нивните содржински елементи, донесување нејасни, непрецизни или противречни решенија итн.).
- **Деловна култура** (можно непочитување на прописите, пишаните процедури и на другите правила на игра од раководителите и на вработените во ЕЛС).
- **Внатрешна ревизија** (отсуство или можна нефункционалност на внатрешната ревизија во ЕЛС).
- **Следење на ризиците** (без пишана стратегија, без систем за управување со ризиците, без работна група за следење на ризиците);
- **Рано предупредувачки систем** (непостоење на систем за откривање и за отстранување на ризиците уште пред да се појават или во моментот на нивното појавување).

### 5.3. Резултати од проценката на ризикот за потребите на стратешкото планирање

Проценката на влијанието опфаќа, проценка на значајноста на последиците ако ризикот се оствари. Се проценува, какви би можеле да бидат последиците ако ризикот штетниот настан се оствари. Тоа значи дека проценката на влијанието не ја зема во предвид веројатноста, туку само одговора на прашањето што ќе се случи ако одреден настан се оствари. Влијанието може да се бодува, на пример, со оцени од еден (1) до три (3), каде оценката (1) значи проценка дека тој настан ќе има мал ефект (влијание), додека највисоката оцена значи дека настанот има големо влијание врз буџетскиот корисник. Освен со бодување, може да се даде описна процена на влијанието, па така влијанието може да биде мало, умерено или големо.

Врз основа на донесениот Ревизорски универзум издвоени се најзначајните ризици за потребите на стратешкото планирање.

- **Одделение за јавни набавки**

- Неправилно утврдена техничка спецификација.
- Избор на економски оператор кој нуди цена за производ/услуга која е повисока од реалната цена на пазарот.
- Неследење на реализацијата на склучените договори
- Ефикасност и ефективност на системот за контрола во извршувањето на доделени договори за јавни набавки

- **Одделение за урбанизам комунални работи и заштита на животната средина**

- Ненавремена подготовка на нацрт и предлог урбанистички планови
- Неизготвување на стручна анализа за плановите

- Непратење на новонастанати промени и потреби за развој, состојби и промени во просторот
- Непостапување по мерки за санација и рекултивација на загадени површини.
- Неодржување  на комунална инфраструктура
- Несоодветно и неквалитетно извршување на градежните работи од страна на изведувачите на објекти.

- **Одделение за финансиски прашања**

- Нереално планирање на буџетот.
- Нецелосна наплата на изворните приходи на општината.
- Ненавремено подготвен буџетски календар
- Донесување на нереален, предимензиониран буџет кој не ги отсликува реалните приходи на општината
- Ненавремено подготвување на извештаи за извршувањето на буџетот
- Неизвршување на периодично усогласување на сметководствената евиденција

- **Одделение за управување со човечки ресурси**

- Непридржување на вработените до планот за годишни одмори.
- Неажурно водење на персоналните досиеја на вработените во општинската администрација

- **Одделение за правни општи работи и јавни дејности**

- Ненавремено изготвување и доставување на мислења, заклучоци, решенија и одлуки
- Ненавремено изготвување на писмени поднесоци; предлози; жалби; тужби
- Ненавремено изготвување на прописи и акти од надлежност на Советот и градоначалникот

- **Одделение за ЛЕР**

- Неследење на извршување на стратегијата/годишната програма за економски развој
- Неажурирање на предлог-развојните приоритети на ниво на општината
- Непратење на реализацијата и посетеноста на културните, образовните и спортски манифестации и настани

- **Одделение за администрирање на приходи**

- Неефикасност и непостоење на континуитет при наплатата на даноците на имот и комунална такса
- Неажурирана база на податоци на даночни обврзници
- Ненавремено прибирање на сите приходи во буџетот

- **Територијална противпожарна единица**

- Недоволна пополнетост на работни места.
- Ненавремено укажување на техничка помош при незгоди, опасни ситуации, заштита на имот загрозен од пожар и експлозии

- Неводење на ажурна евиденција за расположливите човечки и технички ресурси за заштита и спасување
- Несоодветен пристап до локацијата на пожарот.

- **Институции во надлежност на Локалната самоуправа**

- Ненаменско трошење на буџетските средства.
- Невоспоставена внатрешна контрола
- Набавка на стоки и услуги без постапка за јавна набавка
- Пропусти при спроведувањето и реализацијата на јавните набавки.

## VI. ПРИОРИТЕТИ НА РЕВИДИРАЊЕТО ВО ПЕРИОДОТ 2024-2026 ГОДИНА

Врз основа на извршените анализи за потребите од изработка на Стратешки план, проценетата ризичност на потенцијалните области на ревидирање и по извршената консултација со раководството, утврдена е листа на приоритети на ревидирање за периодот 2024-2026 година.

### 6.1. Врска помеѓу приоритетните области за ревидирање со спроведените анализи

Во табеларниот преглед наведена е врската со применетата Методологија за проценка на ризици и критериумите кои се земени во предвид при изборот на приоритети за ревидирање. Исто така прикажана е и врската на приоритетните области за ревидирање со целите на внатрешната ревизија, односно со насочување на работата на внатрешната ревизија.

***Табела 1: Врска на приоритетните области на ревизија со спроведените анализи и проценката на ризиците***

| **ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ** | | ***ЛИНКОВИ/ВРСКИ*** | | | | | | | | ***ЦЕЛИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Придонес на стратешките приоритети** | **Национална Програма за реформи** | **Финансиска значајност** | **Управување и користење на ЕУ средства** | **Наоди на надворешната ревизија (ДЗР, Ревизорско тело)** | **Ниво на ризичност** | **Барање на раковод-ството** | **Останато** | |
| 1. | Внатрешни контроли, материјално-финансиско работење (расходи) и јавни набавки во основните улилишта. | | | X | | | X | X | | На раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно, разумно, објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола. |
| 2. | Внатрешни контроли, материјално-финансиско работење (расходи) и јавни набавки во средното училиште | | | X | | | X | X | | На раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно, разумно, објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола. |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Внатрешни контроли, материјално-финансиско работење (приходи и расходи) и јавни набавки во институции од областа на детска заштита | | | X | | | X | X | | На раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно, разумно, објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола. |
| 4. | Внатрешни контроли, материјално-финансиско работење (приходи и расходи) и јавни набавки во институции од областа на културата | | | X | | | X | X | | На раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно, разумно, објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола. |
| 5. | Внатрешни контроли, материјално-финансиско работење (расходи) и јавни набавки во јавно претпријатие | | | X | | | X | X | | На раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно, разумно, објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола. |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Процес на управување со ризици во општина Крушево | | | X | | | X | | | Воспоставување на систем на управување со ризици, ефективно препознавање и управување со ризици, сигурност во исполнување на целите |
| 7. | Внатрешна контрола, наменско трошење на буџетските средства во општината спроведување на постапки за јавни набавки во општината и реализација на склучените договори. | | | X | | | X | | | На раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди разумна увереност дека е воспоставена внатрешна контрола и јавните набавки се извршени во согласност со донесениот план за јавни набавки и финансовите планови и постапките се спроведени во согласност со законските прописи и акти. |
| 8. | Систем на контрола во спроведување на препораки по извршени ревизии | | | | | | X | X | | Подобрување на работењето на субјектите преку имплементирање на дадените препораки во ревизорските извештаи. |

### 6.2. Листата на приоритетни области за ревидирање со распоред на ревидирање

***Табела 2: Преглед на приоритетните области за ревидирање за (внесете го периодот на Стратешкиот план)***

| ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ | | *(Прва година на стратеш-киот план)* | *(Втора година на стратеш-киот план)* | *(Трета година на стратеш-киот план)* |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Внатрешни контроли, материјално-финансиско работење (расходи) и јавни набавки во основните улилишта. | X | X | X |
| 2. | Внатрешни контроли, материјално-финансиско работење (расходи) и јавни набавки во средното училиште | X | X | X |
| 3. | Внатрешни контроли, материјално-финансиско работење ( приходи и расходи) и јавни набавки во институции од областа на детска заштита | X | X | X |
| 4. | Внатрешни контроли, материјално-финансиско работење (приходи и расходи) и јавни набавки во институции од областа на културата | X | X | X |
| 5. | Внатрешни контроли, материјално-финансиско работење (расходи) и јавни набавки во јавно претпријатие | X | X | X |
| 6. | Процес на управување со ризици во општина Крушево | X | X | X |
| 7. | Наменско трошење на буџетските средства во општината, внатрешна контрола, спроведување на постапки за јавни набавки во општината и реализација на склучените договори | X | X | X |
| 8. | Систем на контрола во спроведување на препораки по извршени ревизии. | X | X | X |
| **ВКУПНО РЕВИЗИИ** | | **8** | **8** | **8** |

## VII. КАДРОВСКИ ПОТРЕБИ НА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Со споредување на потребите за ресурси со вистинскиот број на внатрешни ревизори во ЕВР произлегува дека ЕВР има доволно ресурси за исполнување на целите на овој Стратешки план.

## VIII. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН И ВРСКИТЕ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН

Стратешкиот план се прегледува и ажурира секоја година со што би ги одразил релевантните промени до кои се доаѓа во целите, приоритетите и активностите на општина Крушево и резултатите на спроведените проценки на ризикот. По завршувањето на третата година за периодот опфатен со овој Стратешки план, внатрешна ревизија ќе ја повтори сеопфатната проценка на ризикот.

Одговорното лице на институцијата ја одобрува секоја промена на Стратешкиот план. Стратешкиот план е почетна основа за изготвување на Годишниот план за внатрешна ревизија.

## IX. ЗАКЛУЧОК

Овој Стратешки план се однесува на периодот од 2024-2026 година. Составен е на основа на проценката на ризични подрачја, разговор со раководството, анализа на извештаите на Државниот завод за ревизија, информациите и анализите на податоците од финансиските извештаи, како и на финансиските и оперативните планови и програми на општината и институциите во нејзина надлежност. Целите на внатрешната ревизија се фокусирани на оценка и унапредување на внатрешните контроли, посебно на можноста за рационализација на трошоците, воведување и примена на мерки и критериуми за одредени процеси, како и спроведување на препораките со цел подобрување на процесите и целокупното работење.

Датум: 11.12.2023 година

**Одделение за внатрешна ревизија на Општина Крушево**

**Внатрешен ревизор во обука**

Велко Дамчески

______________________________

**Градоначалник на Општина Крушево**

м-р Томе Христоски

______________________________